


**ПРЕТОР – ВТОРАТА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ВО ПРЕСПА**

**Често се вели дека Претор е раскрсница меѓу Горна и Долна Преспа и покрај тоа што не се памети кога населението ја има именувано котлината на Горна Преспа, Долна Преспа и Мала Преспа. Меѓутоа, запишано е дека Горна Преспа го зазема северниот дел, Долна Преспа јужниот, а Мала Преспа југозападниот дел на Преспа**

Ова тврдење е засновано, бидејќи Горна и Долна Преспа ги одделува ридот Веќе кај Претор. Мала Преспа и Горна Преспа, пак, копнено се одделени со Пречна Планина, додека делот на Долна Преспа со Малото Преспанско Езеро од Мала Преспа ги одделува планината Сува Гора.

Инаку, едно од значајните домашни туристички места во кои вратите секогаш се

отворени за сите туристи, посетители и намерници е, секако преспанската туристичка населба Претор. Таа после Отешево е втора туристичка дестинација во Преспа.

Претор е  познато туристички места во Македонија со своето летувалиште, песочните плажи, зимскиот рекреативен центар, угостителските објекти и бројните викенд куќи. Неколку стотици викед куќи се нанижани од местото каде постоеше некогашната Пумпата за вадење вода за наводнување на Преспанското Поле се’ до атарот на селото Сливница. Голем број од овие прекрасни куќи се постојани живеалишта.

Исто така, туристичката населба Претор, чие име е од староримското име на селото Претор, е познато туристичко место, особено по убавите климатски услови за рекреација, по сламените чадори и слатката вода на Преспанското Езеро, потоа по игралиштата за одбојка, модерните ресторани и, конечно, по ниските цени.

Посебно внимание привлекува традиционалната хумористичната приредба „Преторска свадба“ во изведба ба феријалците од Скопје и Битола. Сето тоа привлекува голем број туристи од Битола, Прилеп, Скопје, Ресен и други места од Република Македонија и пошироко и претставува своевиден културен настан за посетителите.

Детското одморалиште „Мите Богоевски“ во Претор кое работи во рамките на организацијата за одмор и рекреација на деца и младинци „Младост“ од Скопје, секако, е најпознатиот објект. Ова училиште во природа во изминатите децении било собиралиште на илјадници деца и младинци кои доаѓале на летување, зимување, екскурзии, спортски подготовки и настава во природа.





[illegible]








**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**